Известување за постапување кај пациенти со симптоми на грип

Поради сезоната на грип и очекуван зголемен број на лица со симптоми на грип, а согласно стратегијата и Протоколот за лекување на пациенти со симптоми на грип, со цел навремено згрижување и соодветно лекување на истите, како и донесените заклучоци на Комисијата за пандемски грип, потребно да постапувате согласно следните препораки:

1. При преглед на пациент со симптоми на грип потребно е да носите лична заштитна опрема .
2. Доколку пациентот покажува лесна клиничка слика, препорачувате домашно лекување со симптоматска терапија.

- **Поголемо внимание кај пациенти кои припаѓаат на Ризични групи пациенти (**согласно општите препораки на СЗО) при што согласно проценката на матичниот лекар се ординира антивирусна терапија* , се следи неговата здравствена состојба и при влошување веднаш се упатува на специјалист инфектолог на територијата.
- **Симптоми на лесна клиничка слика** (покачена температура, кашлица, гребење во грлото, гушоболки, назална секреција или конгестија, општи и други симптоми со послаб интензитет, поединечно или во комбинација)

3. Доколку пациентот покажува потешка клиничка слика, , **веднаш** се упатува на Инфективно одделение на подрачјето кое го покрива , а за Скопје на инфективното оддление во Градска општа болница 8ми септември-Скопје и Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје. Специјалистот инфектолог одлучува за потребата од примената на антивирусна терапија (осалтамивир, занамивир).Модифицирачки фактор - ризична група пациенти .

- **Симптоми на потешка клиничка слика** (хиперпиретична температура која трае подолго од 72 часа или повторен пораст на температурата по нејзино претходно намалување, придружена со тресоки, изразена токсемија манифестирана со вознемиреност, поспаност, конфузност, главоболки, болки по целото тело, чувство на премаленост, силно забрзана срцева акција, повраќање, пролив, можни компликации, отежнато форсирано дишење и сомнение за бронхопневмонија или нарушена функција на други органи и органски системи – пр. централен нервен систем, црн дроб, бубрези итн., брзо прогресивно влошување на иницијалната симптоматологија, влошување на основната болест од групата ризични).

4.Критично болните пациенти се предмет на третман и лекување на терциерна здравствена установа и подразбира задолжителен третман со антивирусна терапија

*антивирусна терапија (тамифлу)се препишува на розев рецепт со назнака дека пациентот е во група ризични пациенти од задната страна на рецептот .Лекот пациентот може да го подигне безплатно во аптеките во состав на здравствените домови во РМ.Фармацевтот е должен да води посебна евиденција за издадените лекови.

hjdshfjhfjdsh jahfldhsajjhk shfjkhfjk dshfkjhfjkh dsjhsjjsh hsjhfjhfjdhfjdshfj sdhfjhfjdhjdshjdh fjhdfdjhjhsfjdshfjsdf hjsdhjhjs hjshjshjsdhjh fjshfjsd hfsdjhf sjdhfjshjshjs hjshjhfjsdhfjsdfh jsdfhjfhsajdh jsahjhjhfjs hfjsdhjhjhsha kljj shjfhsjfh sdjfhjsdfhjsdfhjsfhjhdshfh sdjhhfjhdshfjhjhhdhhhdjshjh hdfdshjfhh hfjads f jdkjsls jakjafklsjfjfkhhsdf hf fsjhdjsfhjdhfjsdhf dsh hfjkfhj sfhsafdj f sadfhsjdfhjshfjshfjsdh